

## ЛЕГЕНДИ И ВИСТИНИ ЗА ПРЕСПА

**За големиот број градови и села во Македонија постојат легенди и преданија. Една од нив се однесува на Преспа. Според приказните на старите Преспанци, на просторот на денешното езеро, се наоѓало плодно поле, со многу села и градот Преспа, расположен на брегот на малото езерце на граничното тромеѓе**.

Ле-гендата вели дека градот бил убав, со големи згради и чаршија, бо-гата со дуќани. Трговците тр-гу-вале со многу градови во светот, носејќи му на градот Преспа големо богатство и култура.

Во градот живеел богат тр-го-вец кој имал ќерка единка, со уба-ви очи, руса ко-са и витка ста-ва. За нивна несреќа, кога на-пол-нила 16 години, таа одненадеж по--чинала. Од неа се простиле на најдобар можен начин: ја на-ки-ти-ле со злато и среб-ро, ја

облекле во најубавата облека и ја по-гре-ба-ле. На нејзиниот закоп при-сус-тву-вало целото население од гра--дот.

Но, во несреќата на де-вој-ката, некој видел среќа. Двај-цата гробари намамени од бо-гат-ството што го виделе на неа, ре-ши-ле да ја ограбат. Кога градот по-тонал во сон, тие дошле на гро-биш-тата, го откопале гробот и трупот на девојката го внеле во црк-вата, да можат на мир да ѝ го симнат скапиот накит. Но, смет-ката не им испаднала на па-за-рот. Амајлијата од вратот и прс-тените од рацете на девојката не можеле да ѝ ги извадат.

Преморени од вложениот на---пор без ефекти, решиле да ја оста-ват девојката во црквата, а тие да се одморат дома, да прес-пијат. Но, наместо да се одморат, ло-шиот сон уште повеќе ги из-мрцва-рил. Во сонот им се појавила де-војката, со нож во рацете и со за-кана дека ќе ги убие, ако не ѝ го вратат накитот.



*Дел од Преспанското Езеро*

Се разбудиле и не чекајќи да се раздени, отиш-ле во црквата. Кога прис-тиг-нале кај мртвата девојка, решиле да ѝ го пресечат вратот и прстите од рацете, за да дојдат до амајлијата и прстените. Кога постариот гро-бар го извадил ножот, девојката одеднаш оживеала и вчу-до-не-виде-на ги прашала зошто сакаат да ја убијат. Во тој миг помладиот гро--бар влегол во просторијата, пре-плашен од глетката што ја ви-дел, енергично му се спро--тив-ста-вил на другиот во извршувањето на злосторот.

„Чекај, нема да ја погубиме! Ќе ѝ го смениме името и ќе ја про-дадеме на некој богат трговец“, рекол тој. Девојката се со--гла-сила да ја прекрстат во Прес-па, дала заклетва дека за ова никој нема да дознае и уште ис-тата вечер му ја продале на некој стар и богат трговец од Ца-ри-град, кој тие денови престојувал во нив-ниот град, а на кого му била потребна робинка што ќе се грижи за него и за неговата со-пру-га.

По нивната смрт таа ги на-сле-дила, но посакала и да се врати во својот роден крај. Но, кога при-стиг-нала во Преспа никој не ве-рувал во нејзината при-каз-на, туку побарале од неа да го на-пушти градот. Сепак, про-б-ле-мот бил решен со изјавите на оние двајца гробари, чија изјава ја прифатиле властите и доз-во-ли-ле Преспа да остане во својот ро-ден град. Така градот Преспа го добил своето име, а потоа и по-широкиот регион.

Од јужната страна на Преспанското Езеро, пак, во близина на сегашното Пе-рово Кула, во Долна Преспа, каде двете преспански езера се на растојание од само 200 метри, нив ги поврзува река, чии води се вливаат од Малото во Го-ле-мо--то Езеро. Оваа река е по-вр-за-на со минатото на Преспа. По-ста-рите Преспанчани рас-ка-жу-вале дека патот на оваа река бил мно-гу подолг, а ре-ката по-го-лема.

Таа почнувала од под-нож-јето на пла-нината Врба, во бли-зина на се-лото Л'к и завр-шу-ва-ла кај завојот на Нивичка Пла-нина, во местото Роот, каде што сега езерото е најдлабоко. Низ под-зем-ните пук-натини и канали под пла-нината Галичица, водата од езер-цето се про-влекувала и вли-вала во Ох-ридското Езеро.

Според кажувањата, тогаш Преспа била широко и плодно поле, со многу села и големиот град Преспа, кој тогаш се викал Река. Веројатно името го добил по Големата Река, која почнувала и завршувала во Преспа. И кога градот Преспа со селата биле во зенитот на својот развој, се слу-чило најлошото. Регионот бил за-фатен од силен земјотрес, зем-јата се распукала и се по-ја-ви-ла голема вода, која го потопила гра-дот и селата и тие под водата ос-та-нале засекогаш.



*Црквата „Св. Ахил“*

Подземните ка-нали и пук-натини под Га-ли-чи-ца, низ кои истекувала водата, се затвориле, и малото езерце почнало да го зголемува своето ниво и да ги поплавува полето и селата. Така дошло до трка во спасувањето и селењето на лу-ѓе-то, која траела со години и ве-ко-ви, се' додека езерото не го достигнало сегашното ниво. Селаните што остналае без своите куќи, побарале спас во градот Преспа или подигнале нови жи-веа-лишта во правец на Охрид кон северозапад и на југ кон Кос-тур.

Така биле создадени се-гаш-ните Леринско-костурски села Желево, Оштима, Перово, Руља, Брезница и Габреш, а областа во која се наоѓале се викала Кореш-та. А бидејќи дошле од областа Ре-ка, го добила името Рекарци, кое се'уште го носат.

Големата Река која го се-чела полето за да се влие во то-гаш-ното езерце, Преспа ја делела на Горна и Долна. На реката има-ло неколку мостови кои ги повр-зу-вале селата и населбите. За-чес-тените есенски дождови и то-пењето на про-летните снегови во планините, предизвикувале доа-ѓање на голема вода која го зат-нувала речното корито и го по-плавувала полето и посевите, пре-дизвикувајќи големи штети.

То-гашните владетели во Преспа, а подоцна и царот Самоил, ор-га-низирале акции за расчис-ту-вање на речното корито. На-се-ле-нието кое учествувало во тие ак-ции било ослободувано од пла-ќање данок. Со оглед дека овие луѓе со децении го чистеле реч-но-то корито, некои прет-по-ста-ву-ваат дека името Рекарци го до-би-ле токму поради тоа.

На локалитетот Латински Гро-бишта, во непосредна бли-зи-на на селото П'пли, во Долна Преспа, се развила голема на-сел-ба. Во неа се топела руда до-бива-на од рудникот Рудари, во не-по-средна близина на селото Ру-дари, кое името го добило по руд-никот. Од преработената руда се ковало оружје и друга опрема за војската. Тогашните владетели на Преспа, па и самиот цар Само-ил, својата војска, главно, ја опре-му-вале со ковано оружје во Прес-па. Во населбата се ковале и ба-кар-ни предмети за потребите на домаќинствата. Населбата денес на-ликува на купишта камени грамади.

При обработка на земјиш-тето, жителите од Преспа, често наидувале на темели од некогаш-ни градби и водоводна ка-на-ли-за-ција. Таков е случајот со ло-ка-ли--тети--те кај Долно Пиово, ка-де и денес се откопуваат гли-не-ни ќу-пови од големи раз-мери, раз-ни монети и други ме-тални пред--ме-ти. Вакви ло-кал-итети има скоро на сите страни на Прес-пан-ското Езеро. Таков е слу-чај-от и со Дол-на Преспа. Во бли-зина на

се-лото Ви-нени, на бре-гот на Малото Езеро, постоела голема населба.

По-големиот дел од урнатините се наоѓале под водите на езерото. На брегот биле и урнатините од големата црква „Свети Ѓорѓија“. Малото се-ло Винени, поради на-вле-гување на езерските води во него, било преселено во под-нож-јето на ридот. И селото Наколец не-кол-купати било преселувано.

Во 1935 година нивото на Го-ле-мото Езеро опаднало за еден ме-тар во однос на нивото на Малото Езеро. Жителите од блиските се-ла до Малото Езеро го про-ши-риле коритото од реката на Пе-рова Кула и за неколку часа малата река се претвориле во страо---тен матен брзак кој го од-нел мостот што бил единствена врс-ка во се-лата од Долна Пре-спа. Населени-ето останало от-се-чено не-колку месеци, се’ додека нивоа-та на две-те езера не се из-рам-ниле и на реката не бил на-правен нов мост.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**